Република Македонија
Агенција за цивилно воздухопловство

[redacted]

бр. 12-279/2
Скопје, 14.02.2018 година

**Агенција за цивилно воздухопловство**
ул. „Даме Груев" број 1,
1000 Скопје, Република Македонија
тел.: *++ 389 2 3114 – 046*
факс: *++ 389 2 3115 – 708*
е – пошта: *info@caa.gov.mk*
веб страна: ***www.caa.mk***
ЕМБС: 6648649

**До:** ТХОР ИМПЕКС дооел Скопје
Ул. Борис Трајковски бр. 1, ламела 4/2
ПФАХ 907
Скопје, 1000

**Предмет:** Студија за влијание на воздушниот сообраќај на Парк на ветерни електрани Богословец

**Врска:** Ваше писмо бр. 18-231 од 12.02.2018 година

Почитувани,

Во врска со вашето барање за толкување на точка 9.4 од Студијата за влијанието на Паркот на ветерни електрани БОГОСЛОВЕЦ на воздушниот сообраќај во реонот на идниот карго аеродром Филип Втори – Штип ве известуваме за следното:

- Со Студијата е потврдено дека Паркот на ветерни електрани БОГОСЛОВЕЦ (парк) нема да влијае на стандардните процедури за полетување и слетување на идниот карго аеродром во Штип (точка 93.), но дека истите треба да се обележат како препреки во воздухопловството имајќи во предвид дека сите ветерници ги надвишуваат рамнините за ограничување на препреки на аеродромот (точка 5.5),

- Ветерниците како специфични објекти претставуваат препреки во воздухопловството согласно член 4, став 1, точка 66а од Законот за воздухопловство (ЗВ), и истите треба да се обележат на соодветен начин (член 76 став 3 од ЗВ) кој е даден во член 3 и член 5 од *Правилникот за условите за поставување, градба и обележување на објекти, инсталации и уреди во зоната на аеродромот, објекти и уреди за контрола на летањето, и објекти надвор од зоната на аеродромот коишто можат да влијаат на безбедноста на воздушниот сообраќај и условите и начинот на обработка на земјиштето во зоната на аеродромот и земјиштето во негова непосредна близина* (Правилник) *(СВ на РМ бр. 130/2007, 156/2012 и 149/2015).*

- Доколку идниот карго аеродром Филип Втори – Штип не се гради, а имајќи ги во предвид стандардите на ИЦАО, кои со член 3 од Правилникот се прифатени како домашен пропис, како и диспозицијата на ветерниците во паркот, <u>како препреки во воздухопловството не мора да се обележат само ветерниците со ознаки "2" и "6"</u> додека останатите ветерници ТРЕБА да се обележат од причина што се: на доминантни локации, дека се "ободни"

[redacted]

односно го оформуваат паркот, и се на меѓусебни одстојанија од 900 и повеќе метри.

Имајќи го во предвид претходното, со овој допис ја потврдуваме потребата за обележување на ветерниците со редни броеви 1, 3, 4, 5, 7, 8, 9 и 10, како препреки во воздухопловството и во случај да не биде изграден карго аеродромот Филип Втори – Штип (за што сеуште немаме добиено соодветен документ), а согласно условите за обележување дадени во Решението Уп.бр. 12-26/2017 од 02.02.2017 година (Решение) кои се опишани во точките 9.4 и 9.5 од Студијата.

Како препрека во воздухопловството, согласно ЗВ, исто така треба да се обележи и делот од приклучниот 2x110 кВ далновод од ТС 33/110кВ Богословец до постојниот 110 кВ далновод Овче Поле – Штип на преминот преку автопатот Скопје – Штип, како што е дадено на цртежот во Студијата (столбовите и просторот помеѓу столбовите 1.5 и 1.6).

Деталите за начините за обележувањето се дадени во точка 9.4 и 9.5 од Студијата, а кои се прифатени со точка 1.б) од Решението. Стандардите за обележување на ветерници се дадени во Студијата и во точка 6.2.4 од Анекс 14 на ИЦАО, со следните појаснувања:

- Белата боја да е со РАЛ 9010 а црвената со РАЛ 3020,
- Трепкањето на светлата да биде со 40 трепкања во минута

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**Директор**
**Горан Јандреоски**

(печат: Република Македонија, Агенција за цивилно воздухопловство, Скопје)

*Изготвил* ________

*Согласен* ________